Република Македонија
Општина Новаци
Бр. 11-730/1
23.08.2019 год
Новаци

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11, 123/12,93/13,187/13, 42/14,44/15,,129/15,12/15,39/16 и 42/16), **Општина Новаци** , на ден 23.08.2019., донесе:

## Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **ЛУПД со намена Е2 –комунална супраструктура за изградба на фотоволтаична централа до 1MW на КП 685/2 КО Новаци, Општина Новаци** кој се носи согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање **не е потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина,** согласно со член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на **Општина Новаци - www.opstinanovaci.gov.mk**

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став 4 од Законот за животната средина и врз основа на податоците од прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ **ЛУПД со намена Е2 –комунална супраструктура за изградба на фотоволтаична централа до 1MW на КП 685/2 КО Новаци, Општина Новаци , нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини:**

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на ЛУПД со намена Е2 –комунална супраструктура за изградба на фотоволтаична централа до 1MW на КП 685/2 КО Новаци, Општина Новаци , потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животна средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа и нема да претставува значителен товар врз животната средина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до **Министерството за животна средина и просторно планирање** во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.11-730/1
23.08.2019 год
Новаци

**Градоначалник**

**Љубе Кузманоски**

Република Македонија Општина Новаци Новаци